**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“, ШТИП**
**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ**

**GOCE DELCEV UNIVERSITY, STIP**
**FACULTY OF LAW**



# ДВАНАЕСЕТТА МЕЃУНАРОДНА НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА
# TWELFTH INTERNATIONAL SCIENTIFIC CONFERENCE

# ОПШТЕСТВЕНИТЕ ПРОМЕНИ ВО ГЛОБАЛНИОТ СВЕТ
# SOCIAL CHANGES IN THE GLOBAL WORLD

**З Б О Р Н И К  Н А  Т Р У Д О В И**
**P R O C E E D I N G S**

**ШТИП 2025**
**STIP 2025**

**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“, ШТИП**
**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ**

**ДВАНАЕСЕТТА МЕЃУНАРОДНА НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА**

# ОПШТЕСТВЕНИТЕ ПРОМЕНИ ВО ГЛОБАЛНИОТ СВЕТ

**З Б О Р Н И К  Н А  Т Р У Д О В И**



*25-26 септември*

**ШТИП, 2025**

**GOCE DELCEV UNIVERSITY, STIP**
**FACULTY OF LAW**

GOCE DELCHEV
UNIVERSITY
FACULTY OF LAW

# TWELFTH INTERNATIONAL SCIENTIFIC CONFERENCE

# SOCIAL CHANGES IN THE GLOBAL WORLD

**P R O C E E D I N G S**




*25-26 September*

**STIP, 2025**

Twelfth International Scientific Conference SOCIAL CHANGES IN THE GLOBAL WORLD
©2025 Copyright Faculty of Law, Goce Delcev University, Stip, North Macedonia:
Address: Faculty of Law, Goce Delcev University, Stip, North Macedonia,
Ul. Krste Misirkov bb, PO box 201,2000, Stip, R.N. Macedonia
www.ugd.edu.mk
Издавач: Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, Правен факултет
Publisher: Goce Delcev University, Stip, Faculty of Law
Уредници: Билјана Тодорова, Олга Кошевалиска, Елена Максимова, Ана Панева, Кристијан Панев, Елена Трајковска
Editors: Biljana Todorova, Olga Koshevaliska, Elena Maksimova, Ana Paneva, Kristijan Panev, Elena Trajkovska
Технички уредник: Елена Максимова, Ана Панева
Technical Editor: Elena Maksimova, Ana Paneva
Лектор: Слаѓан Спасовски
Proofreading: Slagjan Spasovski
Начин на пристапување (URL): https://js.ugd.edu.mk/
Година на издавање: 2025 година

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

316.42:34(100)(062)
316.42:32(100)(062)

МЕЃУНАРОДНА научна конференција Општествените промени во глобалниот свет (12 ; Штип ; 2025)
Општествените промени во глобалниот свет [Електронски извор] : зборник на трудови / Дванаесетта меѓународна научна конференција, 25-26 септември, Штип 2025 ; [уредници Билјана Тодорова ... и др.] = Social changes in the global world : proceedings / Twelfth international scientific conference, 25-26 September, Stip 2025 ; [editors Biljana Todorova ...и др.]. - Штип : Универзитет "Гоце Делчев", Правен факултет ; Shtip : Goce Delcev University, Faculty of law, 2025

Начин на пристапување (URL): https://js.ugd.edu.mk/index.php/scgw/en/issue/view/410. - Текст во PDF формат, содржи 337 стр., илустр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 28.10.2025. - Трудови на мак. и англ. јазик. - Фусноти кон текстот. - Други уредници: Олга Кошевалиска, Елена Максимова, Ана Панева, Кристијан Панев, Елена Трајковска. - Библиографија кон трудовите

ISBN 978-608-277-127-4

а) Општествени промени -- Право -- Свет -- Собири б) Општествени промени -- Политика -- Свет -- Собири

COBISS.MK-ID 67259397

- All manuscripts were subject to double-blind peer review process.
- No responsibility can be accepted by the publisher or compilers for the accuracy of the information presented. The expressed opinions are those of the authors and does not necessarily coincide with views of the Program Committee and the Organizational Committee of the conference

## Организациски комитет / Organizational Committee

Biljana Todorova PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University, Stip, Republic of North Macedonia, biljana.todorova@ugd.edu.mk

Olga Kosevaliska PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University, Stip, Republic of North Macedonia, olga.kosevaliska@ugd.edu.mk

Elena Maksimova PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University, Stip, Republic of North Macedonia, elena.maksimova@ugd.edu.mk

Ana Paneva LL.M, Faculty of Law, Goce Delcev University, Stip, North Macedonia, ana.zdraveva@ugd.edu.mk

Kristijan Panev LL.M, Faculty of Law, Goce Delcev University, Stip, North Macedonia, Kristijan.panev@ugd.edu.mk

Elena Trajkovska LL.M, Faculty of Law, Goce Delcev University, Stip, Republic of North Macedonia, elena.trajkovska@ugd.edu.mk

## Програмски комитет / Program Committee

1. Agim Nuhiu PhD, Faculty of Law, State University of Tetovo, Macedonia, agim.nuhiu@unite.edu.mk
2. Alenka Verbole PhD, currently- OSCE Mission in Tirana, University of Ljubljana, Slovenia, alenka.verbole@osce.org
3. Ana Nikodinovska Krstevska PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University, Stip, North Macedonia, ana.nikodinovska@ugd.edu.mk
4. Anastasia Bermúdez Torres PhD, Faculty of Law, Political Science and Criminology, University of Liege, Belgium, abermudez@ulg.ac.be
5. Angel Ristov, Faculty of Law, St Cyril and Methodius University in Skopje, angelristov@yahoo.com
6. Anđelija Tasić, Faculty of Law, PhD, University of Niš, andjelija@praf.ni.ac.rs
7. Andon Majhoshev PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University, Stip, North Macedonia, andon.majhosev@ugd.edu.mk
8. Aleksandra Gruevska Drakulevska, Faculty of Law, St Cyril and Methodius University in Skopje, a.gruevskadrakulevski@pf.ukim.edu.mk;
9. Biljana Puleska-Janushevska, PhD, Faculty of Law, American University of Europe, Skopje, biljana.puleska@fon.edu.mk;

10. Darko Dimovski, PhD, University of Niš, darko.dimovski@yahoo.com
11. Darko Spasevski, PhD, Faculty of Law, St Cyril and Methodius University in Skopje, spasevski_d@yahoo.com
12. Elena Ivanovna Nosreva PhD, Faculty of Law, Voronezh State University, Russia, elena@nosyreva.vrn.ru
13. Gabriela Belova PhD, Faculty of Law, University "Neofit Rilski", Blagoevgrad, Bulgaria, gbelova@hotmail.com
14. Gemma Andreone PhD, Institute for International Legal Studies of the Italian National Research Council (ISGI - CNR), Italy, gemma.andreone@gmail.com
15. Ice Ilijevski, PhD, Faculty of security – Skopje, University St. Kliment Ohridski – Bitola, ilijevski@fb.uklo.edu.mk
16. Zorica Siljanovska, Faculty of Law, American University of Europe, Skopje, zoricasiljanovska@yahoo.com
17. Igor Kambovski PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University, Stip, North Macedonia, igor.kambovski@ugd.edu.mk
18. Ivana Bajakić PhD, Department of Economic Sciences, Faculty of Law, Zagreb, Croatia, ivana.bajakic@pravo.hr
19. Jadranka Denkova PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University, Stip, North Macedonia, jadranka.denkova@ugd.edu.mk
20. James C. Helfrich PhD, Global Scholars, Liberty University, Colorado, USA, jchelfrich@aol.com
21. Jasna Bacovska Nedic, Faculty of Law, St Cyril and Methodius University in Skopje, jasnab2002@yahoo.com
22. Jovan Zafiroski, PhD, Faculty of Law, St Cyril and Methodius University in Skopje, j.zafiroski@pf.ukim.edu.mk
23. Kristina Misheva PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University, Stip, North Macedonia kristina.miseva@ugd.edu.mk
24. Kristine Whitnable PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University, Stip, Macedonia, kristine.whitnable@ugd.edu.mk
25. Marija Ampovska, PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University, Stip, North Macedonia, marija.ampovska@ugd.edu.mk
26. Marija Ignjatovic PhD, Faculty of Law, University of Nis, Serbia, marija@prafak.prafak.ni.ac.rs
27. Migena Leskoviku Prof. Dr, University of Tirana, Albania, migena.leskoviku@gmail.com
28. Milica Sutova PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University, Stip, North Macedonia, Milica.sutova@ugd.edu.mk
29. Natalia Vladimirovna Butusova PhD, Faculty of Law, Voronezh State University, Russia, butusova@law.vsu.ru

30. Nerma Colakovik Prguda PhD, Univerzitet Dzemal Bijedic, Mostar, Bosna and Herzegovina, nerma@unmo.ba

31. Nikolai Baranov PhD, Baltic State Technical University Voenmeh, At. Petersburg State University, St. Petersburg, Russia, nicbar@mail.ru

32. Nives Mazur Kumrić PhD, Faculty of Law, Political Science and Criminology, University of Liège, Belgium, nives.mazurkumric@ulg.ac.be

33. Novak Krstić, PhD, Faculty of Law, University of Niš, novak@praf.ni.ac.rs

34. Ruzica Simic Banovic, PhD, Faculty of Law, University of Zagreb, Croatia, ruzica.simic@pravo.hr

35. Silviu G. Totelecan PhD, Cluj-Napoca Branch of Romanian Academy, Socio- Human Research Department of "G. Baritiu" History Institute, Romania, silviu.totelecan@gmail.com

36. Slavejko Sasajkovski PhD, Institute for Sociological, Political and Legal Research, University "St. Cyril and Methodius", Skopje, Macedonia, bilbilef@isppi.ukim.edu.mk

37. Strahinja Miljkovića PhD, Faculty of Law, Mitrovica, strahinja.miljkovic@pr.ac.rs

38. Suzana Dzamtoska Zdravkovska PhD, American University of Ras Al Khaimah, Ras Al Khaimah, UAE, suzana.zdravkovska@aurak.ac.ae

39. Tamara Djurdjic Milosevic, PhD, Faculty of Law, University of Kragujevac, tdjurdjic@jura.kg.ac.rs

40. Tamara Perisin, MJur (Oxon) PhD, Department of European Public Law - Jean Monnet, University of Zagreb - Faculty of Law, Croatia, tamara.perisin@pravo.hr

41. Tatyana Dronzina, PhD, Professor, Political Science Department, St. Kliment Ohridski University of Sofia, drozina@gmail.com

42. Tunjica Petrašević PhD, Faculty of Law, University of Osijek, Croatia, tpetrase@pravos.hr

43. Wouter Van Dooren PhD, Public Administration and Management, University of Antwerp, Belgium, wouter.vandooren@uantwerpen.be

44. Yuriy Nikolaevich Starilov PhD, Faculty of Law, Voronezh State University, Russia, juristar@vmail.ru

45. Zeynep Ece Unsal, PhD, Istanbul Gelisim University, Faculty of Economics Administrative and Social Sciences - Department of Political Science and International Relations, zeunsal@gelisim.edu.tr

**Содржина / Contents**

Giuseppe CATALDI
**THE CURRENT POLITICAL DISCOURSE CONCERNING INTERNATIONAL LAW IN THE CONTEXT OF THE PRESENT WAR SCENARIOS**........................................................17

SECTION LAW ........................................................................................................23

Gjorgi SLAMKOV
**THE EFFECTS OF ALTERNATIVE MEASURES IN MACEDONIAN CRIMINAL LEGISLATION** .......................................................................................................25

Filip MIRIĆ, Gordana NIKOLIĆ
**AN OFFENCE OF MINOR SIGNIFICANCE IN SERBIAN CRIMINAL LAW AND MACEDONIAN CRIMINAL LAW** ....................................................................................37

Saša KNEŽEVIĆ, Aleksandar LUKOVIĆ
**ANNULMENT OF THE EFFECTS OF CRIMINAL SANCTIONS IMPOSED ON JUVENILES** ........................................................................................................45

Ivan ILIC
**IMPARTIALITY OF THE COURT IN CRIMINAL PROCEEDINGS – CURRENT ISSUES** .57

Franc POZDEREC
**THE USE OF JUDO THROWS AS A FORM OF PHYSICAL COERCIVE MEANS BY THE SLOVENIAN POLICE** ..........................................................................................65

Andon MAJHOSEV, Biljana TODOROVA
**КАРАКТЕРИСТИКИ НА СОЦИЈАЛНИОТ ДИЈАЛОГ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО ПЕРИОДОТ 1990-2024**..............................................................73

Borka TUSEVSKA GAVRILOVIKJ
**ПРЕДИЗВИЦИ И ПРОБЛЕМИ КАЈ „РАМНОПРАВНОТО СОДРУЖНИШТВО“ ВО ДРУШТВОТО СО ОГРАНИЧЕНА ОДГОВОРНОСТ** ..................................................89

Risto ILIOSKI
**ЗНАЧЕЊЕТО НА ИМОТОТ СТЕКНАТ ВО БРАК** ...................................................104

Ivica JOSIFOVIK, Igor KAMBOVSKI
**ПРАКТИЧНА УПОТРЕБА НА ПОСТАПКАТА ПО ПРЕТХОДНО ОДЛУЧУВАЊЕ ПРЕД НАЦИОНАЛНИТЕ СУДОВИ: ШТО Е СЛЕДНО ЗА МАКЕДОНСКОТО СУДСТВО** ....114

Irena BOJADZIEVSKA
**ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА ПРИВАТНОСТ И ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ ВО СУДСКО-ОБВИНИТЕЛСКАТА ПРАКСА ВО РСМ**.......................................................................128

MULTIDISCIPLINARY SECTION..............................................................................135

Serban-Alexandru STANESCU
**THE LEGAL NATURE OF THE CISG PROVISIONS FROM THE PERSPECTIVE OF ROMANIAN PRIVATE INTERNATIONAL LAW** ........................................................................ 136

Nóra JAKAB, Kinga KOVÁCSNÉ dr.Havelant
**A COMPARATIVE ANALYSIS OF EUROPEAN AND NEW ZEALAND CORPORATE LAW WITH A FOCUS ON FUTURE CHALLENGES** ........................................................................ 143

Luljeta PLAKOLLI-KASUMI
**CONDITIONAL SHARE OWNERSHIP BY SHAREHOLDER-MANAGER: LEGAL ANALYSIS OF THE INCORPORATION AGREEMENT AND THE COMPANY CHARTER UNDER KOSOVO'S LEGAL FRAMEWORK** ........................................................................ 155

Nóra JAKAB, Boglárka IKLANDI
**SOCIAL CHANGES AND RESPONSES IN LABOUR LAW** ........................................................................ 167

Annalisa PACE
**ITALIAN DEDUCTIONS OF FAMILY EXPENSES DIFFERENTIATED ACCORDING TO NATIONALITY ON VERIFICATION OF THE NON –DISCRIMINATION PRINCIPLE** .. 175

Ivanka OBERMAN, Franc POZDEREC, Tomaž ČAS
**THE LEGAL JUSTIFICATION FOR COVERT INVESTIGATIVE MEASURES: A REVIEW OF THE USE OF COVERT SEARCH IN THE CONTEXT OF HUMAN RIGHTS PROTECTION** ........................................................................ 183

Dalibor DOLEZAL, Anita JANDRIC NISEVIC
**MAPPING THE CROATIAN DRUG MARKET: A MULTIDIMENSIONAL APPROACH TO ILLICIT TRADE AND SOCIAL IMPACT** ........................................................................ 193

Rafal CIEŚLAK
**TOWARDS THE EU NET-ZERO: ENERGY PERFORMANCE CONTRACTING IN THE EUROPEAN UNION POLICY AND REGULATORY FRAMEWORK** ........................................ 203

Kobelova Christina ALEKSEEVNA
**THE EVOLUTION OF NORWEGIAN MIGRATION POLICY (THE SECOND HALF OF THE XX CENTURY – CONTEMPORANEITY): FEATURES AND FACTORS** ............................ 213

Sanja JELISAVAC TROŠIĆ, Mitko ARNAUDOV
**THE ISSUE OF SUSTAINABILITY OF SMALL STATES IN THE ERA OF ADJUSTMENT OF INTERNATIONAL RELATIONS** ........................................................................ 223

Marina ANDEVA
**FORESIGHT FRONTLINES: GLOBAL INSIGHTS ON STRATEGIC FORESIGHT IN POLICY-MAKING** ........................................................................ 233

Aynura RASHIDOVA
**THE ROLE OF WOMEN'S PUBLIC UNIONS IN SUPPORTING AND PROMOTING WOMEN'S ENTREPRENEURSHIP: CONTRIBUTIONS AND CHALLENGES** ................... 245

POLITICS, SOCIETY, MEDIA, AND COMMUNICATIONS ........................................................253

Dejan MAROLOV, Strashko STOJANOVSKI, Natasha MIROSLAVEVA
**КРСТЕ ПЕТКОВ МИСИРКОВ КАКО ПРЕТХОДНИК НА ТЕОРИИТЕ ЗА МЕЃУНАРОДНИ ОДНОСИ: АНАЛИЗА НА „ЗА МАКЕДОНСКИТЕ РАБОТИ“** ............255

Jordanka GALEVA
**GEOPOLITICAL IMPORTANCE OF UKRAINIAN EU MEMBERSHIP**...............................273

Nikola AMBARKOV
**ИЗБОРНАТА КОЛЕБЛИВОСТ НА МАКЕДОНСКИОТ ЕЛЕКТОРАТ И НЕГОВОТО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ МАКЕДОНСКИОТ ПАРТИСКИ СИСТЕМ – ЕДЕН АНАЛИТИЧКИ ОСВРТ ПО ПОВЕЌЕ ОД ТРИ ДЕЦЕНИИ ПОЛИТИЧКИ ПЛУРАЛИЗАМ** ......................281

Strasko STOJANOVSKI, Jadranka DENKOVA, Jovan ANANIEV
**ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** .................................297

Andon MAJHOSHEV
**ПЕЧАТЕНИТЕ МЕДИУМИ ВО ОПШТИНА ШТИП И БРЕГАЛНИЧКИОТ РЕГИОН ВО ПЕРИОДОТ НА СОЦИЈАЛИЗМОТ (1945-1990)** ......................................................................311

Lidija KOVACHEVA
**ЧУМАТА НА ЈУСТИНИЈАН** ..........................................................................................327

UDK:
327:811.163.3.09Мисирков, К. П.
327:323.1(=163.3)

# КРСТЕ ПЕТКОВ МИСИРКОВ КАКО ПРЕТХОДНИК НА ТЕОРИИТЕ ЗА МЕЃУНАРОДНИ ОДНОСИ: АНАЛИЗА НА „ЗА МАКЕДОНСКИТЕ РАБОТИ“

**Дејан МАРОЛОВ**
Редовен професор, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“
dejan.marolov@ugd.edu.mk

**Страшко СТОЈАНОВСКИ**
Редовен професор, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“
strasko.stojanovski@ugd.edu.mk

**Наташа МИРОСЛАВЕВА**
Доцент, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“
natasa.doneva@ugd.edu.mk

**Апстракт:**
Крсте Петков Мисирков, еден од најзначајните македонски интелектуалци, во своето дело „За македонските работи“ нуди извонредна анализа на меѓународниот систем и надворешната политика на државите, како и нивното влијание врз малите народи. Иако не располагал со современите теоретски концепти, неговите согледувања интуитивно се усогласуваат со принципите на структурниот реализам, балансот на силите и дипломатските стратегии што подоцна ќе бидат формулирани во науката за меѓународни односи.
Овој труд ја истражува визијата на Мисирков за улогата на големите сили, динамиката на сојузништвата, значењето на меѓународното право, како и неговите согледувања за важноста на дипломатското знаење и концептите како јавна дипломатија. Неговата критика на тогашниот меѓународен систем, неговите идеи за прагматични сојузи и автономија во рамките на Османлиската Империја ја покажуваат неговата способност да ги разбере сложените геополитички реалности на своето време. Притоа, Мисирков не само што ја идентификува зависноста на малите народи од интересите на големите сили, туку и предлага стратегии за нивно позиционирање, демонстрирајќи напредно геополитичко размислување.
Овој труд покажува дека неговите анализи и предвидувања претставуваат рана форма на концептите кои подоцна ќе станат основа на модерната теорија на меѓународни односи, што го прави не само аналитичар на своето време, туку и интелектуален пионер на глобално ниво.“

***Клучни зборови**: надворешна политика, меѓународни односи.*

# KRSTE PETKOV MISIRKOV AS A PREDECESSOR OF INTERNATIONAL RELATIONS THEORIES: AN ANALYSIS OF *"ON MACEDONIAN MATTERS"*

**Dejan MAROLOV**
Full Professor, Faculty of Law, Goce Delcev University
dejan.marolov@ugd.edu.mk

**Strasko STOJANOVSKI**
Full Professor, Faculty of Law, Goce Delcev University
strasko.stojanovski@ugd.edu.mk

**Natasa MIROSLAVEVA**
Assistant Professor, Faculty of Law, Goce Delcev University
natasa.doneva@ugd.edu.mk

**Abstract:**
Krste Petkov Misirkov, one of the most significant Macedonian intellectuals, offers an outstanding analysis of the international system and the foreign policies of states, as well as their impact on small nations, in his work *On Macedonian Matters*. Although he did not have access to contemporary theoretical concepts, his insights intuitively align with the principles of structural realism, the balance of power, and diplomatic strategies that would later be formalized in the field of international relations. This paper explores Misirkov's vision regarding the role of great powers, the dynamics of alliances, the significance of international law, and his reflections on the importance of diplomatic knowledge and concepts such as public diplomacy. His critique of the international system of his time, his ideas on pragmatic alliances, and his advocacy for autonomy within the Ottoman Empire demonstrate his ability to comprehend the complex geopolitical realities of his era. Furthermore, Misirkov not only identifies the dependence of small nations on the interests of great powers but also proposes strategies for their positioning, showcasing advanced geopolitical thinking.
This study demonstrates that his analyses and predictions represent an early formulation of concepts that would later become foundational in modern international relations theory, making him not only an analyst of his time but also an intellectual pioneer on a global scale.

***Keywords:*** *foreign policy, international relations…*

*Со ова истражување, му оддаваме почит на Мисирков, не само како на интелектуалец што ја формулирал потребата за македонска национална независност, туку и како пионер на теоретските пристапи што допрва ќе бидат развиени во академските кругови. Неговата способност да ја разбере анархичната природа на меѓународниот систем, балансот на силите и судирот на интереси меѓу големите и малите држави, го прави вистински визионер на своето време и предвесник на модерните теории во меѓународните односи. Мисирков не само што ја предвидел иднината на Македонија, туку ни покажува дека нацијата може да се роди, да постои и да се афирмира без надворешен покровител – што ја прави македонската нација автентичен историски и политички феномен.*

*Од авторите*
Дејан Маролов
Страшко Стојановски
Наташа Мирославева

**Вовед**

Крсте Петков Мисирков е еден од најрелевантните македонски интелектуалци од почетокот на 20 век, чие дело *За македонските работи* нуди детален преглед на политичките и меѓународните фактори што влијаат врз македонското прашање. Иако неговата анализа е македоноцентрична, неговите согледувања за меѓународните односи, надворешната политика на државите и динамиката на големите сили може да се анализираат низ призмата на теориите што подоцна ќе бидат формулирани во науката за меѓународни односи.

Кон крајот на 19 и почетокот на 20 век, Балканот бил предмет на интензивни геополитички натпревари меѓу големите сили и регионалните актери. Во овој контекст, Мисирков нуди анализа на судирот на интересите, балансот на силите и позиционирањето на малите држави и народи во меѓународниот систем. Неговите согледувања за неусогласеноста на интересите меѓу големите сили, како и за влијанието на нивните политики врз Македонија, најчесто можат да се интерпретираат преку принципите на структурниот реализам, иако тој не располагал со современите теоретски рамки. Особено значајни се неговите анализи за улогата на сојузништвата, влијанието на дипломатските механизми и можноста за употреба на јавната дипломатија како средство за меѓународно позиционирање. Покрај тоа, неговиот критички пристап кон тогашниот меѓународен систем, претставуваат аспекти што се во согласност со одредени реалистички принципи.

Овој труд има за цел да ги истражи анализите на Мисирков во контекст на меѓународните односи, споредувајќи ги неговите согледувања со принципите на реализмот, неореализмот и теориите за баланс на силите. Притоа, ќе се истражи како неговите идеи, иако неформулирани како систематска теорија, кореспондираат со подоцнежните академски концепти во оваа област.

**Методолошка рамка**

Овој труд применува квалитативна методологија за анализа на делото *За македонските работи* од Крсте Петков Мисирков, со цел да се испита неговата политичка мисла низ призмата на современите теории за меѓународни односи. Методологијата се заснова на три главни пристапи: квалитативна текстуална анализа, компаративна анализа и историска анализа, со цел систематско поврзување на идеите на Мисирков со концептите од реализмот, структурниот реализам, балансот на силите и јавната дипломатија.

Применуваме текстуална анализа на *За македонските работи* за да идентификуваме клучни концепти кои кореспондираат со современите теории за меѓународни односи. Овој пристап вклучува: идентификација на геополитички согледувања во текстот што укажуваат на разбирање на односите меѓу големите и малите држави, анализа на дискурсот кој го користи Мисирков во однос на дипломатијата, балансот на силите и судирот на интереси, и дефинирање на централни теми што се повторуваат во неговата мисла и нивно споредување со современи теоретски рамки.

Компаративната анализа се однесува на споредување на согледувањата на Мисирков со теоретските концепти во меѓународните односи. За оваа цел, трудот ги споредува ставовите на Мисирков со реализмот и структурниот реализам, особено со ги анализира неговите согледувања за балансот на силите и ги става во контекст на класичните реалистички мислители и го истражува неговото користење на јавната дипломатија и го споредува со концептите за „мека моќ" и дипломатијата во малите држави.

Методолошки, овој труд ја зема предвид историската поставеност на Мисирков за да избегне анахроничност во анализата. Историската анализа се спроведува на следниов начин: контекстуализација на неговите идеи во однос на геополитичките настани на крајот на 19 и почетокот на 20 век, анализа на дипломатските односи помеѓу големите сили и балканските држави во времето на Османлиската Империја, и испитување на влијанието на меѓународното право врз неговото размислување и предвидувања.

Како и секоја историска анализа на политичка мисла, овој труд се соочува со неколку методолошки ограничувања: ризик од анахронизмот – иако трудот ги поврзува идеите на Мисирков со современите теории, се настојува да не се наметнуваат модерни концепти врз неговата мисла; лимитиран корпус на примарни извори – анализата е главно заснована на едно дело (*За македонските работи*), што може да ја ограничи целосноста на согледувањата; недостаток на секундарни анализи – недоволно академски трудови што го анализираат Мисирков низ призмата на меѓународните односи го прават овој пристап иновативен, но и методолошки предизвикувачки.

Овој труд пополнува значајна празнина во научната литература со тоа што го анализира Мисирков како претходник на теориите за меѓународни односи, што досега не било систематски истражувано. Додека постојат истражувања за неговата улога во националната историја и лингвистика, неговите согледувања за геополитиката, балансот на силите и дипломатските стратегии не биле доволно анализирани низ академската рамка на меѓународните односи. Со тоа, овој труд нуди нова перспектива и помага да се разбере како македонската политичка мисла се вклопува во пошироките глобални теоретски парадигми.

Со оваа методолошка рамка, трудот настојува да го позиционира Крсте Петков Мисирков како значаен претходник на концептите во меѓународните односи, нудејќи нова перспектива за неговото дело преку современа академска анализа.

**Меѓународниот систем и улогата на големите сили**

Во однос на можноста за разрешување на македонското прашање преку меѓународна „одлука" на големите светски сили Мисирков ќе каже: „ *Да беше било така лесно и арно свикувањето на конференција, и сега ќе имавме друг начин за третирање на нашите работи и наместо Европа да ги остави Русија и Австрија да го решаваат нашето прашање - сите европски големи сили ќе сакаа во него да играат еднаква улога. А што му пишува англискиот министер претседател на кентерберискиот архиепископ за политиката на големите сили во кашите работи: „Учеството на сите сили во разрешувањето на македонското прашање само може да го задржи, наместо да го забрза, неговото разрешување. Во дадениов случај најарно е иницијативата и најглавната улога да е во рацете на најзаинтересираните големи држави, коишто најарно ги знаат потребите на Македонците". - Да, ние треба да знаеме дека од учеството на сиот „концерт" може да се очекува големо неблагозвучје, помал притисок врз Портата, отколку што може да се очекува од работите на двете најмногу заинтересирани држави. Државите различно гледаат на прашањето, а тоа разногласје пречи за еднодушен притисок врз Портата. Може ли да се мисли дека на конференцијата ќе има поголемо едногласје од она што го гледаме сега во постапките на двете заинтересирани држави*?" (Мисирков, 2007, стр. 28-29). Неговите размислувања за улогата на големите сили во македонското прашање ни откриваат длабока анализа за тоа како судирот на интереси меѓу големите сили влијае врз мали народи или потенцијални идни мали држави како Македонија. Мисирков укажува дека различните големи сили имаат различни приоритети и визии за Балканот. Тие честопати не се способни да постигнат консензус, што води до „неблагозвучје" (недостаток на координиран притисок врз Османлиската Империја). Малите народи како

Македонскиот стануваат жртва на судирите и неусогласеноста меѓу големите сили, бидејќи големите сили не работат за решавање на локалните проблеми, туку ги користат како поле за свои геополитички игри. Мисирков ги посочува последиците од соперништвото меѓу големите сили, што резултира со неефикасни решенија и недостаток на притисок врз Османлиската Империја. Наместо забрзување, тоа води кон одложување на решението Мисирков нагласува дека во вакви ситуации, иницијативата останува кај најзаинтересираните држави, во овој случај Русија и Австро-Унгарија кои се и реално оние кои можат да наложат некакво решение кое би било почитувано и од Турција. Преку претходново тој го препознава концептот на сферите на влијание, каде што највлијателните сили на Балканот преземаат водечка улога. Така, судбината на Македонија не зависи исклучиво од Македонците, туку од интересите на најсилните актери во регионот. Ова ја покажува зависноста на малите нации од големите сили и нивната неможност целосно самостојно да ги решат своите прашања. На овој начин Мисирков врши анализа на посточекиот меѓународен систем, притоа ја критикува идејата за „концерт“ на големите сили, кој би требало да го реши македонското прашање, бидејќи различните интереси создаваат хаос наместо хармонија. Ова го покажува недостатокот на ефикасен мултилатерален пристап. Оттука, Македонија не може да очекува праведно или брзо решение од големите сили. Наместо тоа, треба да се фокусира на прагматични стратегии за обезбедување поддршка за автономија преку најзаинтересираните големи сили кои се во состојба да извршат притисок врз Османлиската Империја. Оваа анализа јасно покажува дека размислувањата на Мисирков се длабоко вкоренети во реалистичкото разбирање на геополитиката, каде што интересите на големите сили го дефинираат животниот простор на малите народи.[1] Истовремено Мисирков не го потценува значењето на внатрешните сили. Така тој ќе го каже следново: „*И после, како и досега, пак ќе ја фрлиме вината на големите сили, кои секојпат излегуваат криви за нашите грешки.*“ (Мисирков, 2007, стр. 10). На овој начин сака да укаже дека целосно потпирање на надворешни сили не е доволно ако не се работи на внатрешен план.

Мисирков го анализира меѓународниот систем на неговото време на начин кој е изненадувачки блиску до современите теории за меѓународните односи, особено реализмот и неговите варијации. Неговата анализа покажува длабоко разбирање на динамиката на моќта, интересите на големите сили, и положбата на малите народи во геополитичкиот контекст. Оттука Мисирков ги согледува судирите меѓу големите сили и нивните неусогласени интереси како доказ за анархичната природа на системот- што пак е суштински елемент на структурниот реализам. Неговата критика на „концертот на Европа“ како нефункционален механизам покажува дека го разбира недостатокот на централизирана власт која може да ги регулира

[1] *Структурниот реализам*, познат и како неореализам, е една од највлијателните теории во меѓународните односи, развиена како реакција на класичниот реализам. Главниот теоретичар на оваа парадигма е Кенет Волц (Kenneth Waltz), кој ја формулира својата верзија на теоријата во делото Теорија на меѓународната политика (Theory of International Politics) (Waltz,1979). Оваа теорија ја нагласува анархичната природа на меѓународниот систем, односно фактот дека во светската политика не постои централизирана власт која би можела да ги регулира односите меѓу државите. Според Волц, анархијата ја принудува секоја држава самостојно да ја осигури својата безбедност, што го создава системот на „самопомош“. Во овој контекст, државите се сметаат за главни актери во меѓународните односи, а нивното однесување во најголема мера е обликувано од структурата на меѓународниот систем, а не од нивните внатрешни карактеристики или лидерски намери. Клучен концепт во структурниот реализам е распределбата на моќта во меѓународниот систем, што го дефинира глобалниот поредок како униполарен, биполарен или мултиполарен.Во рамките на оваа теорија постојат две главни насоки: офанзивен и дефанзивен реализам. Офанзивниот реализам, застапуван од Џон Мершхајмер, тврди дека државите мораат да настојуваат кон максимална моќ и доминација за да обезбедат своја долгорочна безбедност, бидејќи само на тој начин можат да ги елиминираат заканите (Mearsheimer,2001). Од друга страна, дефанзивниот реализам, застапуван од Волц, сугерира дека државите не мора секогаш да се стремат кон доминација, бидејќи претераното зголемување на моќта може да доведе до создавање на коалиции против нив, што ја намалува нивната безбедност. Според ова гледиште, државите се стремат кон рамнотежа и баланс на силите наместо кон хегемонија.

односите меѓу државите. Тој ја наведува неспособноста на големите сили да делуваат заедно за македонското прашање, што доведува до застој и продолжување на проблемите. Мисирков е свесен дека големите сили, како Русија, Австро-Унгарија, и др. се водат првенствено од сопствените геополитички интереси, а не од морални или хуманитарни мотиви.[2] Мисирков, иако не ги формулира овие идеи како теорија, интуитивно ја согледува структурата на меѓународниот систем и нејзиното влијание врз малите народи. Неговата мисла е уникатна за времето и покажува зрелост во разбирањето на сложените меѓународни односи.

Во однос на големите сили, поточно за Русија, Мисирков ќе каже: ‚*Русија е словенска и православна држава. Таа ги ослободи Србија и Бугарија; таа им помогна на Каравлашко, Грција и Црна Гора да се ослободат. Таа секогаш го покровителствувала православјето и словенството. Ако е така, тогаш што може да направи за нас Русија, кога во македонските работи се забркани неколку словенски и православни народи? Може ли таа за атер на Бугарија да ги навреди другите балкански самостојни православни држави, чија самостојност е извојувана со руска крв и со руски пари и да ги направи тие држави да се одвратат од неа кон другите западноевропски држави и да се направат во нивните раце орудија насочени против Русија? Може ли Русија со својата политика да ги отклони од себе балканските православни држави? И што добива таа за таа загуба? Благодарноста на Бугарија. Може! Но бугарската благодарност е само ден до пладне, а после Бугарите ќе речат дека тоа го направи Русија со свои планови да го завладее Балканскиот Полуостров, спасувањето на кој ќе се наоѓа во Англија, и затоа Бугарите, наместо да се во сојуз со „великата освободителка“, ќе се фрлат во скутовите или на Англија или на другите непријатели на Русија и на словенството. Значи, при современата поставка на македонското прашање, ние очекувавме за наш атер Русија со свои непромислени постапки да се откаже од нејзините интереси на Далечниот Исток и заедно со тоа да претрпи пораз на Блискиот Исток. Арно ама, не било така како што мислевме ние.*“ (Мисирков, 2007, стр. 21). Овој цитат на Крсте Мисирков е извонреден пример за неговата длабока политичка и геополитичка проникливост, особено во однос на улогата на Русија во балканските работи. Тој не само што го анализира однесување на Русија, туку исто така размислува за реалните ограничувања и интереси на една голема сила како Русија во контекстот на балканската и глобалната политика. Така, тој ја признава улогата на Русија како заштитник на словенството и православието. Мисирков ја признава историската улога на Русија во ослободувањето и поддршката на балканските држави: Србија, Бугарија, Каравлашко (Романија), Грција и Црна Гора. Тој ја нагласува руската жртва, и финансиска и воена, за создавањето на овие независни држави. Но воедно не заборава дека постојат и геополитичките ограничувања како и чисти прагматични интереси на Русија. Дали Русија ќе се впушти во дали ќе застане целосно на која било страна од малите државички и со тоа да ги навреди останатите балкански православни држави? Тој јасно согледува дека Русија не може да си дозволи да ги отуѓи Србија, Грција па и Романија, бидејќи тоа би довело до нивно свртување кон западните

---

[2] *Теоријата на безбедносна дилема* зазема клучно место во овој контекст зошто се обидува да објасни како државите, во обид да ја зголемат својата безбедност, несвесно можат да предизвикаат поголема нестабилност и недоверба. Практично бидејќи државите постојат во свет без централен авторитет, самите се принудени да се грижат за својата безбедност. Оваа теорија е тесно поврзана со структурниот реализам и беше развиена од Џон Херц во 1950-тите (Herz, 1950). Кога една држава ги зголемува своите воени капацитети или формира воени сојузи за да се заштити, соседните држави тоа го гледаат како потенцијална закана и реагираат со истите мерки, зголемувајќи го своето вооружување. Ова доведува до натпревар во вооружување, зголемена недоверба и поголема веројатност за конфликт иако (можеби) никој не го посакувал тој конфликт. Историски примери на безбедносна дилема може да се видат за време на Студената војна, кога трката во вооружување меѓу САД и СССР доведе до зголемување на нуклеарното оружје и геополитичка нестабилност, како и пред Првата светска војна, кога германското вооружување ги натера Велика Британија и Франција да ги зголемат своите воени капацитети, што придонесе за војната. Денес, се чини дека безбедносната дилема е присутна и во односите меѓу Кина и САД.

сили, што е стратешки пораз за Русија. Мисирков согледува дека интересите на Русија како голема сила не се ограничени само на Балканот. Тој истакнува дека и Русија има и други приоритети како на Далечниот Исток така и на Блискиот Исток како уште едно клучно поле на руски интереси. Тој реалистички забележува дека Русија нема да ги жртвува своите пошироки интереси за решавање на македонското прашање во бугарска полза (како што многумина се надевале) бидејќи тоа би било стратешка грешка за самата Русија. Мисирков укажува дека покровителството на православјето и словенството не е доволно за Русија да се впушти во конфликт застанувајќи на страна на само една балканска државичка кој би ја чинел многу на други полиња.

**Дејствувањето на локалните мали сили: Улогата на соседите Србија и Бугарија во македонското прашање**

Особено е интересна анализата на Мисирков за соседите на Македонија, Бугарија и Србија, поточно нивните пропаганди во Македонија. За нив Мисирков вели: „*Бугарите го зголемија буџетот на Егзархијата од појавата на српската пропаганда: со други зборови ја засилија нивната пропаганда и нивните интереси во Македонија. Кладоа тие неколку владици и отворија неколку трговски агентства, го поддржаа со пари востанието во Македонија и прехранија во Бугарија мнозина, обездомени Македонци избегани во Бугарија. Тие се арнотиите што ги видовме од Бугарите. Како ви се чини: дали се доста? дали се многу? дали се повеќе од добрините што ни ги направија Србите? -Ако не бидеме бугарски шовинисти и пристрасно не гледаме на работите, не можеме да не констатираме оти во Македонија Бугарите не направија за нас Македонците ништо повеќе од тоа што го направија Србите. Пак и смело може да се рече оти направија помалку од Србите. Горе изброените бугарски добрини не се направија во полза на самите Македонци, а на интересите на Бугарија во Македонија. Затоа, бугарските милиони за Македонија немаат поголемо значење од српските за таму. Бугарите ни кладоа владици во Македонија; имајте на ум оти тие владици во повеќето случаи и на најважните места се Бугари, а не Македонци. Преку владиците Бугарите сакаат да истребат се што не им е пријатно, а најмногу црковно-општинската самоуправа. Но таква услуга со српски владици сакаа да ни укажат и Србите. Што се тие криви што ние претпочетовме да сме орудие на Бугарите, наместо да сме орудие на Србите? - Бугарите отворија во Македонија трговски агентства! Но за чии интереси? Се разбира оти не за македонски, а за бугарските. Србите им ги предадоа своите интереси во Македонија на свои конзулства и генерални конзулства. Ако бугарските трговски агентства во Македонија се благодејание за нас, тогаш српските генерални конзулства се уште поголемо. - Бугарите ни го поддржале востанието. И Србите го поддржуваа. Бугарите го поддржуваа повеќе, зашто нивните интереси тоа го бараа, а не за атерот наш. Србите го поддржуваа да не останат поназад од Бугарите; но да беа српските интереси така врзани со востанието, тогаш Србите стопати ќе и' објавеа досега војна на Турција без да чекаат од некаде помош, без да гледаат дали ќе биде излезот за нив благопријатен или не. - Бугарите хранат обездомени Македонци, но истото го прават и Србите. Тоа е сета арнотија што ја добивме од Бугарија.*“ (Мисирков, 2007, стр. 39) „*Србите можеме да ги обвинуваме за шовинизам; но тие не се поголеми шовинисти од Бугарите. Србите се националисти со арно сознаени народни идеали и интереси, кои што со труд, наука, перо и дипломатија сите како еден човек одат по еден општ за сите пат и затоа постигнуваат победи над Бугарите на секој чекор.*“ (Мисирков, 2007, стр. 48). Во овој цитат, Мисирков ги изразува прагматичните принципи на реализмот во меѓународните односи, каде што нема место за морализирање или романтично гледање на однесувањето на државите. Тој сугерира дека секоја држава дејствува исклучиво врз основа на своите интереси, а не од алтруизам или морални принципи. Според Мисирков, и Бугарија и Србија ги поддржуваат Македонците само доколку тоа е во линија со нивните национални интереси. Бугарија ја користи Егзархијата, владиците и агентствата за да ги заштити своите интереси, а не за да им помогне на Македонците. Србија покрај поддршката за востанието не се грижат за Македонците како народ, туку настојуваат да ја прошират својата влијателна зона. Практично ни кажува дека нема „добри“ или „лоши“ држави во односот кон Македонија – сите дејствуваат врз основа на свои калкулации и цели но секако тие цели ќе се обидат да ги претставаат како морални, етички, исправни, братски и сл., а

токму тоа го прават и Србија и Бугарија. Сепак Мисирков директно или индиректно нагласува дека: Државите не делуваат од алтруизам или „братска љубов“ кон други народи. Бугарската и српската поддршка за Македонија не е морална обврска, туку средство за остварување на геополитички цели. Така Бугарите го поддржуваат востанието за да ги зајакнат своите интереси во Македонија, додека Србите го поддржуваат за да не заостанат зад Бугарите. тоа значи дека дури и навидум „позитивните“ дејства се мотивирани од егоистични причини. Мисирков покажува дека Бугарија и Србија гледаат на Македонија како на геополитички ресурс, а не како на народ со свои права што во суштината е дел од пошироката теорија на реализмот во меѓународните односи. Што ни сугерира Мисирков? Македонците треба да ги согледаат соседите не низ морална и емотивна призма, туку преку прагматична анализа на нивните сопствени интереси. Така Мисирков ќе каже: „ *Не ни покажува ли тоа оти малите држави, па и секоја една земја, со гонењето општонародни цели гонат не хумани цели, ослободувањето на поробените, ами чисто материјални и егоистички цели, т.е. зголемувањето нивно за свој интерес.*“ (Мисирков, 2007, стр. 65). Оттука повторно е видлив реализмот во ставовите на Мисирков дека и малите држави не можеме да ги делиме на добри и лоши, туку сите тие поаѓаат од својот национален интерес.

**Баланост на силите**

Мисирков не пропушта да зборува и за баланост на силите, но и за статус кво во меѓународните односи – два многу битни термини кои се користат за бројни објаснувања во теоријата на меѓународните односи[3]. Иако Мисирков не ги користи термините на современата теорија, неговите согледувања јасно покажуваат дека го разбира значењето на дистрибуцијата на моќта меѓу државите и како тоа влијае на односите и политиката во регионот. Така тој ќе го каже следново: „*Каравлашко не може да го допушти на неговите граници создавањето на една голема Бугарија, која, може, после ќе ја бара од неа Добруџа! По тие политички сообразувања, и да има во Македонија чисто бугарско и само бугарско население, таа не ќе го допушти соединувањето меѓу турски и бугарски Бугари, таа не може да го допушти на своја штета нарушувањето на територијалната целост на Турција.”* (Мисирков, 2007, стр. 19). *“Секоја држава се мачи, ако не да прави нови завладувања, политички, економски и културни, тогаш да ги зачува оние што се направени од понапред. Грците со својата Цариградска патријаршија им го имаат наложено грчкиот јазик во училиштата и црквите на многу македонски краишта, каде што нема Грци. Природно е дека ќе ги употреби Грција сите дипломатски патишта за да се задржи во Македонија на тие позиции, каде што се наоѓа од средните векови, особено од времето на турското завладување на Македонија, а грчките интереси во Македонија се бранат не од една Грција, а и од големите сили што не сакаат да се засили словенскиот елемент.“*

[3] *Баланс на силите* е една од најстарите и најзначајните концепции во меѓународните односи, особено во рамките на реалистичката и неореалистичката теорија. Овој концепт се однесува на тоа како државите ги распределуваат своите воени, економски и политички ресурси за да спречат една држава или коалиција да стекне премногу моќ и да стане доминантен хегемон. Главната цел на балансот на силите е одржување на стабилност и спречување на конфликти во меѓународниот систем. Теоријата на балансот на силите се заснова на неколку основни принципи, вклучувајќи ја анархичната природа на меѓународниот систем, односно отсуството на централизирана светска власт што ги принудува државите да се потпираат на себе за одбрана. Понатаму, во теоријата е вклучена претпоставката дека државите се главните актери во меѓународните односи и дека секоја од нив е мотивирана од сопствената безбедност и опстанок. Државите реагираат на зголемувањето на моќта на другите преку различни механизми, како што се внатрешно балансирање, кое вклучува воено јакнење и економски развој, или надворешно балансирање, кое се остварува преку создавање воени и политички сојузи. Со обработка на овој концепт се занимавале повеќе мислители, како на пр. Волц и Мершхајмер кои веќе ги споменавме, како и Едвард Халет Кар (E. H. Carr) кој многу порано од нив во своето дело Дваесет години криза (Carr,1939) анализира како балансот на силите бил централна стратегија во европската политика.

(Мисирков, 2007, стр. 20). *„Автономна Македонија, како пат по којшто ќе се дојде до соединувањето на Македонија со Бугарија, Србија никојпат не ќе ја допушти. Зголемувањето на Бугарија од присоединувањето на Македонија не може да биде допуштено од Србија, не само затоа што со тоа ќе се наруши рамнотежата на Балканскиот Полуостров, а најмногу затоа што по неговото извршување Србија ќе се најде помеѓу две посилни од неа држави: Австро-Унгарија и Бугарија таа ќе биде од нив политички и економски задушена и ќе треба да ѝ се потчини или на едната или на другата. Значи, државните интереси на Србија никојпат не ќе допуштат да се образува бугарска Македонија. Нема сомнение дека и српските интереси, како и интересите на Каравлашко и Грција, си имаат свој покровител.“* (Мисирков, 2007, стр. 20). Во однос на Балансот на силите како стратегија за стабилност Мисирков ја согледува динамиката на Балканот како регион каде што секоја држава настојува да го зачува сопствениот интерес и да спречи несакана дестабилизација која би ја нарушила рамнотежата на нивна штета. Практично, Мисирков ни говори за концептот на безбедносна дилема. Така, Каравлашко (Романија) не смее да дозволи создавање на голема Бугарија, бидејќи тоа би ја загрозило нејзината територијална целост и безбедност поради стравот од територијални барања за Добруџа. Србија ја спречува бугарската експанзија за да избегне економска и политичка изолација за да го задржи својот геополитички маневарски простор и да избегне изолација меѓу една силна Бугарија и Австро-Унгарија.Воедно и самите настојуваат да создадат Голема Србија. Практично, гледаме испрелетеност на дејствување со комбинирани елементи на дефанзивниот и офанзивниот реализам.

Секако дека Бугарија не гледа најблагопријатно на српските намери во Македонија. Според теоријата на структурниот реализам, државите се стремат да ја одржат рамнотежата на силите за да го спречат доминирањето на една сила над другите. Ако една од нив покажува амбиции да го промени постојниот баланс во своја корист, мошне веројатно е дека сите други ќе реагираат на тоа. Веројатно дека бугарските позиции како најсилни во Македонија предизвикуваат реакција на останатите заинтересирани страни. Мисирков покажува дека државите како: Србија, Бугарија, Романија и Грција не делуваат само од националистички побуди, туку и од страв од дестабилизација на нивната позиција во регионалната рамнотежа. Секако дека и интересите на големите сили играат значајна улога во регионалниот баланс. Мисирков нагласува дека државите на Балканот (како Грција, Србија, Бугарија и Каравлашко) се поддржувани од различни големи сили, кои преку поддршка на своите сојузници го спречуваат создавањето на доминантна регионална сила. Пример: Грција ги користи големите сили за да го задржи својот статус во Македонија и да спречи засилување на словенскиот елемент. Примена на структурниот реализам се согледува и во однесувањето на малите држави кое е резултат на системскиот притисок. Тие реагираат на амбициите на своите соседи и на дистрибуцијата на моќта меѓу големите сили, кои ги диктираат условите во регионот. Реагираат на опаѓачката моќ на Османлиската Империја, на востанието во Македонија и на амбициите на соседите за Македонија да биде припоена или поделена. Мисирков го препознава и сложениот ефект на балансот на силите врз Македонија и сметка дека Македонското прашање не може да се реши без учество на големите сили, бидејќи нивните интереси го диктираат исходот. Понатаму Македонија се наоѓа во центарот на балканската рамнотежа, што ја прави предмет на постојани меѓудржавни игри и судири.

Во однос на сојузите меѓу државите, што инаку е еден од елементите кои редовно се анализира во теоријата на меѓународните односи, посебно во делот на неореализмот, а не помалку и во теоријата на безбедносна дилема, Мисирков ја разбира прагматичната логика на сојузништвата, кои се формираат врз основа на моментални интереси, а не на долгорочна лојалност.[4] Практично Мисирков ни порачува дека Македонците треба да градат и привремени

[4] *Сојузите* помеѓу државите се исто така предемт на интерес на науката на меѓународните односи. Во теорија на релизмот, државите не формираат сојузи врз основа на морални принципи или идеолошки вредности, туку врз основа на нивните национални интереси. Ова гледиште е сумирано во познатата изјава на британскиот државник Лорд Палмерстон: „Немаме вечни сојузници, немаме вечни непријатели, имаме само вечни интереси.“ (Palmerston, 1848). Оваа логика подразбира дека државите се водат од прагматизам, а не од етичка или идеолошка

сојузништва, односно Македонците треба да соработуваат со најкорисните партнери. Предлага прагматичен пристап кон сојузите. Така Мисирков ни порачува: „*Задачата на македонската интелигенција отсега натаму ќе треба да биде да се одделат нагледно за сите: за самите Македонци, и за Турција, и за балканските држави и за големите сили, интересите на Македонците од интересите на другите балкански држави и народи и да се изучат подробно сите прашања сврзани со избавувањето на нашиот народ и нашата татковина од сегашната голема несреќа и со процветот на нашиот народ во духовен и во материјален однос.*“ (Мисирков, 2007, стр. 23). „*Нам не ни треба присоединување кон Бугарија, ни кон Србија, ни кон Грција. Целоста на Турција за нас е поважна, отколку за Русија и за Западна Европа. Турција е земјата што се наоѓа во најдобра географска положба. Турското поданство и зачувувањето на целоста на Турција ни дава право на Македонците низ цела Турција да се ползуваме со правото на граѓанство. А тоа право може да ни даде голема материјална полза. Ете зошто македонската интелигенција, ако ги проучи подробно своите интереси, тогаш на прво место треба да постави и за себе и за својот народ: со сите свои морални сили да ја зачува целоста на Турција. Во замена за тоа ние ќе имаме лице и право да се надеваме од нашиот великодушен господар да добиеме полна автономија во црковното и училишното дело и полна рамноправност пред законот и во месната самоуправа во Македонија. Таквата самоуправа никако не е опасна за целоста на Турција.*“ (Мисирков, 2007, стр. 25).

Анализата на претходново ни открива дека Мисирков смета дека Македонците треба да си оформат сопствени интересни независни од било кои соседи. Оттука таквите интереси може

---

доследност. Историјата покажува дека дури и држави со спротивставени вредности можат да станат сојузници доколку тоа им носи стратешка предност. Според реализмот, државите создаваат сојузи за да ја зголемат својата безбедност, да ја балансираат моќта на доминантни држави или коалиции и да ги обезбедат своите економски и геополитички интереси. Доказ за ова е фактот што исти држави биле пријатели во еден историски момент, а непријатели во друг, во зависност од нивните интереси. Историски примери за ова се многубројни. Во Втората светска војна, САД и СССР беа идеолошки противници, но соработуваа за да го поразат заедничкиот непријател – нацистичка Германија. Веднаш по завршувањето на војната, нивното партнерство се распадна и започна Студената војна, што покажува дека сојузите се временски условени од интереси, а не од идеолошка блискост. Сличен пример е Германско-советскиот пакт (Молотов-Рибентроп) од 1939 година, кога Советскиот Сојуз и нацистичка Германија, иако идеолошки спротивставени (комунизам и фашизам), потпишаа договор за ненапаѓање и поделба на Полска. Овој договор траеше само до 1941 година, кога Хитлер ја нападна СССР, што уште еднаш покажува дека интересите имаат предност над идеологијата или меѓународното право, генерално. Современ пример е американската поддршка за Саудиска Арабија. Иако САД се залагаат за демократија и човекови права, еден од нивните најблиски сојузници е земја со апсолутна монархија и ограничени човекови права. Причината за оваа соработка е стратешка: економските и енергетските интереси (нафта) и заедничката безбедносна загриженост околу Иран. Додека идеологијата и етиката можат да имаат некаква улога во формирањето на сојузи, тие никогаш не се главниот фактор во реализмот. Државите можат да користат идеолошка реторика за да оправдаат свои надворешнополитички одлуки, но на крајот, тие ќе ги жртвуваат тие принципи ако тоа е во нивен интерес. Сепак, постојат ситуации кога идеологијата може да игра улога, како кога идеолошките вредности совпаѓаат со стратешките интереси. На пример, формирањето на НАТО беше засновано не само на геополитички интереси, туку и на заштита на демократските вредности. Идеологијата и етиката можат да бидат инструмент за оправдување на сојузите, но тие никогаш не се главниот фактор што ја води надворешната политика на државите. Сојузите постојат сè додека имаат стратешка корист, а кога ќе престанат да служат на националните интереси, тие се распаѓаат. Како еден од клучните мислители во оваа област го издвојуваме Глен Х. Снајдер (Glenn H. Snyder). Во својата книга Политика на сојузите (Alliance Politics*)* (Snyder,1997), тој детално ја анализира динамиката на воените и политичките сојузи во меѓународните односи. Неговата работа се смета за една од најважните студии за формирањето, одржувањето и распаѓањето на сојузите во анархичниот меѓународен систем.

да бараат сојузување со Турција што пак од друга страна е основниот непријател против кој беше дигнато востанието. Сепак Мисирков смета дека променливиот карактер на сојузите е нешто што постои во меѓународните односи, па оттука Македонците треба да бидат прагматични и да влезат во сојуз ако треба и со својот довчерашен непријател, се со цел да се избегна катастрофата која Мисирков виознерски ја предвидува за поделба и распарчување на Македонија помеѓу своите соседи. На овој начин Мисирков уште еднаш се поставува како реалист во еден анархичен свет каде преживувањето е основен услов и најголема цел. Во реализмот, сојузништвата генерално се сфаќаат како инструменти за постигнување национални интереси, а не како трајни или идеолошки врски. Државите создаваат и раскинуваат сојузништва според тоа што е најкорисно за нивниот опстанок и интереси во одреден момент. Пример од реализмот: Логиката на „нема вечни пријатели, само вечни интереси“ може да објасни зошто македонските комитети (ВМРО) и Мисирков имаат различни гледишта за односот кон Турција. Ставот на ВМРО: Борба против Турција поаѓа од клучни мотив за автономија преку револуција. ВМРО смета дека османлиската власт е клучна пречка за македонската автономија и ослободување. Затоа, нивната стратегија е насочена кон отфрлање на османлиската доминација преку оружена борба. Проблем со оваа стратегија според Мисирков е во контрадикција дека вооружената борба против Турција може да ја дестабилизира империјата, што би овозможило Бугарија, Србија или Грција да ги заземат македонските територии. Мисирков гледа на османлиската власт како на средство за одбрана од експанзионистичките амбиции на Бугарија, Србија и Грција. Според него, зачувувањето на Османлиската Империја е клучно за заштита на македонскиот национален интерес. Мисирков верува дека Македонците можат да преговараат за автономија во рамките на Османлиската Империја, што би им овозможило културна, црковна и локална самоуправа без да станат зависни од соседните држави. Претходново не заради некакви етички причини на делување на самата Османлиска Империја туку од чисто прагматичен интерес, бидејќи зачувувањето на Македонија во рамките на Империјата е од интересот на самата Империја. Едноставно Мисирков ја согледува Османлиската Империја како најмалото зло во споредба со претензиите на соседните држави. Тој ја прифаќа прагматичната логика на реализмот: ако Турција се зачува, Македонците би можеле да добијат автономија преку преговори; ако Турција падне, Македонија ќе биде поделена. Мисирков е пример за долгорочна стратегиска мисла, додека ВМРО се фокусира на револуционерно дејствување. Оваа динамика ја покажува сложеноста на македонското прашање и дилемата за избор на вистински сојузник.

**Важноста на дипломатијата**

Мисирков зборува и за важноста на дипломатијата низ повеќе аспекти во своето дело.[5] Особено се концентрира на анализата на бугарската и српската дипломатија и нивното делување

[5] *Дипломатијата* е клучен инструмент во меѓународните односи преку кој државите ги остваруваат своите национални интереси без употреба на воена сила. Како механизам за комуникација, преговарање и градење на односи, таа овозможува создавање сојузи, регулирање на трговски и безбедносни договори и спречување на конфликти. (Kissinger, 1994). Без оглед на теоретскиот пристап, успехот на дипломатијата не зависи само од политичките стратегии, туку и од индивидуалните квалитети на дипломатот кој ја спроведува. Карактерот, интелигенцијата и способноста на дипломатот за тактичко размислување се од суштинско значење за ефикасно посредување меѓу државите. Сепак постои одредена контрадикција помеѓу важноста на индивидуалните дипломатски способности и основното тврдење на неореализмот дека индивидуалните лидери и дипломати не играат клучна улога во меѓународните односи. Според Кенет Волц, основоположникот на структурниот реализам, државите дејствуваат пред се врз основа на структурата на меѓународниот систем. Во неговиот модел, анархијата на меѓународниот систем ги принудува државите да се однесуваат според логиката на самозаштита, моќ и балансирање, без разлика кој е на власт или кој е дипломат. Ова значи дека индивидуалните карактеристики на дипломатите или лидерите немаат некој претеран голем ефект врз исходот на надворешната политика (Waltz, 1979). Спротивно на ова гледиште, во класичниот реализам, застапуван од Ханс Моргентау, индивидуалните способности на лидерите и дипломатите играат значајна улога.

за и во врска со Македонија. На моменти прави длабински анализи на профилите и карактеристиките на дипломатите. На овој начин укажува на важноста на профилот на конкретниот дипломат за степенот на успех во вршењето на неговата фунгација. Тоа може да се види од следново: *„Бугарија нема дипломати, а уште помалку во странство. И тие што се од последните, не се да го чуваат и да го подигаат значењето на Бугарија, а да го намалуваат и да го исмејуваат, и себеси и својата држава. За потврдување на тоа доста е да се потсетиме на тројцата: господата Бешков, секретар и gerant на Трговското агентство во Битола, Цоков, дипломатски агент во Лондон, и Станчев, таков во Петроград. За г. Бешков попрашајте кого сакате во Битола, било тоа од персоналот на тамошните конзулства, било од бугарските учители, било од влашките, било од граѓаните или најпосле од Циганчињата со кои има разговарано г. Бешков, постојано одејќи по градот без работа, и сите ќе ви кажат кој е г. Бешков. Затоа Србите имаат во Битола прекрасен претставник што се ползува со полно уважение кај конзулите. Тоа е г. Ристиќ. (...) А знаат ли Бугарите оти во тоа време кога тие го имаат во Петроград еден Станчев, Србите го имаат таму еден Пашиќ, или еден Груиќ или еден Новаковиќ? Овие дипломати последователно се или во Петроград или во Стамбул; и на едното и на другото место тие остануваат по неколку години со ред. Во Петроград тие имаат широки познанства и се ползуваат со многу арен дочек од горните слоеви на руското општество и имаат големо влијание на него. Тие се знаат со дипломати, професори, редактори и издатели на весници. Тие зборуваат убедливо и со длабоко знаење на работите. Додадете кон тоа дека српската надворешна политика е установена, како и тоа дека имаат тие и цел ред други, освен споменатите дипломати, и ќе разберете зошто ракополагањето на Фирмилијана е победа на српската дипломатија и пораз на бугарската; победа добиена со свои, т.е. српски сили, а не нешто наврзано од Русите; поразот пак на Бугарите е резултат на немањето бугарски дипломати што да ги разбираат бугарските интереси и да ги заштитуваат со авторитет и знаење. Ама г. Зиновјев им помагал и им сочувствувал на Србите. Тоа може да биде вистина, но тој го прави тоа не зашто ги мрази Бугарите, а зашто српските посланици во Стамбул се логични, ги знаат арно нивните интереси и можат да ги заштитуваат. Исто така, можеби руските конзули ги заштитуваат српските интереси во Македонија, не за атер, ами едно, зашто и Србите како и Бугарите се Словени, а друго, зашто Србите поарно ги имаат разбрано и знаат да ги бранат нивните интереси.“* (Мисирков, 2007, стр. 43-44).

Сепак она што е особено интересно е тоа што Мисирков зборува и за концептот на јавна дипломатија (иако не ја нарекува така)[6]. Така тој ќе каже: *„Уште повеќе, ние сакавме да им*

---

Моргентау смета дека прагматизмот, мудроста и вештината на дипломатот можат да влијаат врз исходот на дипломатските преговори, што го донекаде го доведува во конфликт со Волцовата идеја дека лидерите се заменливи и нивните одлуки се предодредени од меѓународниот систем. (Morgenthau, 1948). Оваа контрадикција може да се надмине со заклучок дека структурата на меѓународниот систем ги поставува границите на можностите, но индивидуалните дипломати можат да влијаат врз нијансите на процесите во тие граници.

[6] *Јавната дипломатија* е концепт во меѓународните односи кој се однесува на директната комуникација на владите со странската јавност со цел да влијаат врз јавното мислење и да го подобрат имиџот на државата на меѓународната сцена. За разлика од традиционалната дипломатија, која е насочена кон односи меѓу држави преку преговори и меѓувладини комуникации, јавната дипломатија користи медиуми, културна размена, меки моќни стратегии и јавни кампањи за да изгради позитивна слика за државата и да ги промовира нејзините интереси. Теоретските основи на јавната дипломатија се тесно поврзани со концептот на „мека моќ“, развиен од Џозеф Нај во 1990-тите. Според Нај, моќта во меѓународните односи не доаѓа само од воената или економската сила (тврда моќ), туку и од способноста на една држава да влијае врз вредностите, културата и јавното мислење во странските земји (Nye, 2004). Јавната дипломатија е токму алатката преку која државите ја проектираат својата мека моќ. За основоположник на овој концепт се смета Едмунд Гулион, американски дипломат и професор, кој во 1965 година во Флечеровата школа за право и дипломатија го дефинирал овој концепт. Според него дипломатија која не е ограничена само на официјални претставници, туку опфаќа интеракција со медиуми, невладини организации, академски институции и цивилно општество и токкму тоа е јавната диплматија. (USC Center on Public

*покажеме на Русите дека нема во Македонија неколку словенски народности, а има само една; дека Македонските Словени можат сами да ја разрушат таа преграда што е поставена меѓу нив од пропагандите и од нивното образование во Бугарија, Србија или Грција. Ние сакавме да покажеме оти и покрај нашето образование и воспитание во разни држави или пропаганди, ние претпочитаме сите да направиме отстапки од своја страна за општомакедонските интереси, за да не бидеме орудие во рацете на пропагандите и на нивните цели: за да не се стремиме кон соединување ни со Бугарија, ни со Србија ни со Грција.“* (Мисирков, 2007, стр. 37). Во претходниот извадок, Мисирков зборува за потребата за основање на македонско друштво како засебно словенско друштво во Русија. На овој начин се надева дека ќе може да креира перцепција внатре во самата Русија помеѓу самите руси за постоење на посебна и засебна македонска националност, различна од другите две словенски националности како бугарската и српската. Доколку се постигне тоа може да има влијание и врз руската надворешна политика. Претходново во самата срж е примена на концептот на јавна дипломатија, концепт кој теоретски ќе биде формулиран долги години по смртта на Мисирков. Оттука можеме повторно да ја потврдиме неговата генијалност. Имено, Претходно цитираниот извадок од Крсте Мисирков ни ја покажува неговата свесност за важноста на јавната дипломатија како алатка за формирање на меѓународно јавно мислење и за зајакнување на македонскиот национален идентитет. Тој не само што ја препознава важноста на јавната дипломатија, туку и активно предлага стратегии за нејзино користење во служба на македонските интереси. Јавната дипломатија е алатка преку која држави, движења или групи ги претставуваат своите интереси и култури пред странските општества и актери. Таа вклучува практики на информирање, влијание врз јавното мислење и културна промоција за постигнување политички цели. Мисирков е свесен за важноста на влијанието врз руската јавност и елита, бидејќи Русија е една од најмоќните сили заинтересирани за Балканот. Тој инсистира на покажување на обединета македонска позиција, за Русија да не ги третира Македонците како дел од бугарскиот или српскиот национален корпус. Тој го нагласува значењето на јавната дипломатија како средство за Македонците да се претставаат како автономен субјект, а не како инструмент на соседните држави. Мисирков сугерира формирање на македонско студентско друштво во Петроград, како платформа за промовирање на македонските интереси. Ова ја покажува неговата свесност дека институционалната инфраструктура е неопходна за ефикасна јавна дипломатија. Важноста на овие негови идеи е препознаена од Србија и Бугарија кои делуваат против овие негови идеи и формирање на македонски друштва во Русија. Едноставно, Мисирков ни сугерира дека со помош на јавната дипломатија може да се изгради национален брандинг зошто презентирањето на Македонците како обединета и самостојна нација е форма на национален брандинг. Покрај овој елемент, тој зборува и за создавање на еден вид на стратегиска комуникација и институционализирање на

---

Diplomacy, n.d.). Јавната дипломатија се спроведува преку неколку механизми. Еден од најважните е меѓународната комуникација, каде што државите користат глобални медиуми како BBC World Service, Voice of America или RT за да ја промовираат својата политика и вредности. Потоа, културната и образовната дипломатија се реализира преку студентски размени, научни истражувања и културни настани, како што се програмите Fulbright, Erasmus+ или Конфуциј институтите, кои служат за градење на позитивен имиџ на државата. Покрај тоа, националниот брендинг и глобалниот маркетинг се значајни елементи во создавање на позитивен впечаток за една држава преку туристички кампањи, спортски настани како Олимписките игри и Светското првенство, како и преку дипломатски иницијативи поврзани со екологија и човекови права. Во денешната дигитална ера, јавната дипломатија значително се потпира и на дигиталната дипломатија, односно користењето на социјалните мрежи како Twitter, Facebook и YouTube, преку кои владите можат директно да комуницираат со глобалната публика и да ги претставаат своите ставови.Иако јавната дипломатија не ја заменува традиционалната дипломатија, таа ја надополнува со тоа што се спроведува отворено и транспарентно, директно влијаејќи врз јавно мислење, наместо само врз владите. Сето ова покажува дека јавната дипломатија е клучен елемент во современата меѓународна политика, бидејќи влијанието врз јавното мислење често може да биде подеднакво важно како и традиционалните дипломатски и воени стратегии.

претходново. Така неговото инсистирање на македонско друштво во Петроград е обид за користење на институционални канали за комуникација. Претходново е уште еден елемент на јавната дипломатија. Конечно, Мисирков има јасно дефинирано целно влијание а тоа е фокусот на Русија како клучна сила односно ја разбира важноста на целно влијание врз најмоќните актери. Практично ги обработува трите основи на концептот на јавната дипломатија, како што веќе рековме, долги години пред истата да биде теоретски обработена.

**За меѓународното право и концептот на неутралност**

На база на сето претходно изложено сепак не треба да избрзаме и да изведеме заклучок дека Мисирков е класичен и чист суров релист. Така, тој знае да каже и следново: *„Да било така лесно и безнакажано престапувањето на меѓународното право, досега државите денеска ќе примаа на себе разни задолженија и утре ќе се откажуваа од нив. Но не било така. Реформите руско-австриски, штом се меѓународен акт, ќе им даваат право секогаш на Македонците да настојуваат пред големите сили да се исполнат во целост.“* (Мисирков, 2007, стр. 10). Претходното ни ја открива вербата на Мисирков дека принципите на меѓународното право сепак постојат. Како што самиот ќе истакне, не е толку лесно државите да прифаќаат обврски, а подоцна целосно да ги игнорираат или да не ги исполнуваат. Тој го согледува меѓународното право како инструмент за заштита, пред сè, на малите држави и народи, кои можат да се повикаат на него во остварувањето на своите права. Сепак, не треба ниту да направиме спротивна грешка и веднаш да го прогласиме Мисирков за идеалист во теоријата на меѓународните односи.[7] Далеку од тоа, бидејќи тој не е наивен. Мисирков е свесен за геополитичките игри на големите сили и за тоа како соседните држави ги користат Македонците како инструмент во своите стратегии. Неговата прагматичност се гледа во тоа што предлага Македонците да ги искористат можностите што ги нуди меѓународното право за своја добробит, дури и ако светот е далеку од идеален. Всушност, во неговото дело, еден од најчесто употребуваните термини е „интереси“, што јасно кореспондира со реализмот како теорија во меѓународните односи.

[7] *Идеализмот* е една од теоретските парадигми во меѓународните односи која промовира идејата дека меѓународната политика може и треба да се води врз основа на морални принципи, меѓународна соработка и правни норми. За разлика од реализмот, кој го гледа светот низ призма на моќ и анархија, идеализмот верува дека соработката меѓу државите, меѓународните организации и владеењето на правото можат да создадат постабилен и помирен светски поредок. Теоријата на идеализмот добива особено значење по Првата светска војна, кога многу мислители и државници веруваа дека конфликтите можат да се спречат преку создавање на меѓународни институции и колективна безбедност. Еден од најпознатите идеалисти е Вудроу Вилсон, американски претседател кој ја промовираше идејата за Лигата на народите како прва глобална организација за одржување на мирот. Вилсоновата визија вклучуваше самоопределување на народите, колективна безбедност и дипломатија заснована на транспарентност и праведност, што во основа ја дефинира модерната форма на идеализам. Теоретски, идеализмот се поврзува и со либералниот пристап во меѓународните односи. Според мислители како Имануел Кант, трајниот мир може да се постигне преку републикански институции, економска меѓузависност и меѓународно право (Kant, 1795/1999). Идеализмот се темели на неколку основни принципи. Прво, рационалноста на луѓето и државите – верува дека луѓето не се природно склони кон војна и дека преку дипломатија и образование можат да донесуваат мудри одлуки во корист на мирот. Второ, меѓународните институции играат клучна улога во регулирање на меѓународните односи и спречување конфликти.Трето, економската и културната меѓузависност намалува можности за војна, бидејќи трговијата и заедничките економски интереси ги охрабруваат државите да соработуваат наместо да се борат. (Doyle, 1986). Сепак, идеализмот често е критикуван од реалистите, кои тврдат дека е премногу оптимистички и наивен во врска со природата на државите и нивните интереси. Според Ханс Моргентау, идеализмот ја потценува човечката желба за моќ и не успева да ја објасни агресивноста и конфронтациите во меѓународната политика (Morgenthau, 1948/2005). Падот на Лигата на народите и избувнувањето на Втората светска војна се често наведувани како докази дека само моралните вредности не се доволни за да се спречат конфликти и дека моќта и интересите се основните двигатели на меѓународните односи.

На самиот крај на своето дело „За македонските работи“, Мисирков ќе го констатира следново: „*Штом е така, тогаш и нашиот правопис и правецот на нашиот литературен јазик ќе треба да биде во полна зависност од таа тенденција што ќе не раководи нас при нашата национална преродба. Каква може да биде таа тенденција се гледа од оваа книга. Но јас ќе си дозволам да повторам. Таа е: прво, Македонија да се неутрализира за Бугарија и Србија и да се оддалечи еднакво од двете држави, и второ, таа треба да се обедини врз јазична основа. Овие принципи ќе го раководат и правописот.*“ (Мисирков, 2007, стр. 94). „*Идеите за полно отцепување на нашиот народ од другите балкански народи не се противречје на досегашното работење на нашиот народ за слобода, а само продолжение на неговото досегашно работење, врз еволуциона почва.*“ (Мисирков, 2007, стр. 9). Претходниот извадок е малку анализиран, не од аспект на јазикот, туку од аспект на принципот на неутралност кој постои во меѓународното право.[8] Сепак, Мисирков не предлага директна неутралност на Македонците или на идната македонска држава, туку неутралност во однос на словенските соседи Бугарија и Србија. Претходно, тој укажува на опасноста што ја согледува од можната асимилација, имајќи предвид дека и двете соседни држави се словенски, како и македонското население. Двете држави се веќе оформени со свои институции и имаат пропаганди во Македонија. Секако и синтагмата за Македонија како јаболко на раздорот можеме да ја припишеме во овој контекст. Неговите визионерски согледувања добиваат примена години подоцна, особено во политиката на еквидистанца на Киро Глигоров во раните 90-ти години, кога младата и независна Македонија се стремеше да одржи еднаква дистанца кон сите свои соседи.

**Заклучок**

Крсте Петков Мисирков интуитивно формулирал идеи кои допрва ќе станат основни теоретски постулати во науката за меѓународните односи. Иако немал пристап до формализираните теории на реализмот, неореализмот или теориите за баланс на силите, неговата анализа на геополитиката и судирот на интереси на Балканот покажува дека природно применува многу од нив. Во оваа насока, можеме да го сметаме за претходник на теориите во меѓународните односи, кои ќе бидат формулирани и обработени децении по неговата смрт.

Неговата способност да ги согледа политичките процеси низ реалистичка и идеалистичка перспектива уште пред тие да бидат академски дефинирани го прави визионер и еден од најнапредните аналитичари на своето време. Мисирков може да се опише како

[8] *Неутралноста* е концепт во меѓународните односи и меѓународното право кој означува политика на држава што одбира да не се вклучува во воени конфликти и да не зазема страна во ривалства, задржувајќи независност и непристрасност во односите со другите држави. Овој концепт има корени уште од античките времиња, но во модерниот меѓународен поредок тој е формализиран преку различни договори и меѓународни правила. Теоретски, неутралноста може да биде постојана, како во случајот на Швајцарија, или привремена, кога државата избира да остане неутрална само во одреден конфликт. Концептот на неутралност беше официјално дефиниран и кодифициран во Хашките конвенции од 1907 година, каде што беа утврдени правата и обврските на неутралните држави за време на војна (*Хашка конвенција V*, 1907, чл. 1). Според овие конвенции, неутралните држави не смеат да учествуваат во непријателства, да дозволуваат користење на своја територија за воени операции или да снабдуваат војска на која било страна во конфликтот. Теоретските перспективи за неутралноста се разликуваат помеѓу реализмот и либерализмот. Од гледна точка на реализмот, неутралноста е стратегија што државите ја користат за самозаштита во ситуации кога вклучувањето во воени сојузи би било ризично. Реалистите сметаат дека неутралноста не е секогаш одржлива и дека малите неутрални држави можат да бидат принудени да ја напуштат својата неутралност доколку се соочат со егзистенцијална закана. Од друга страна, либералистите ја гледаат неутралноста како начин за промовирање на мултилатерализмот, меѓународните норми и долгорочната соработка меѓу државите. Во либералната перспектива, меѓународните институции и договори можат да ја заштитат неутралноста на државите и да создадат услови за стабилност во меѓународниот систем.

„прагматичен реалист со идеалистички надежи" – неговите анализи јасно ја рефлектираат суровата реалност на меѓународната политика, каде што моќта и интересите доминираат, но истовремено покажуваат верба во можноста за реформи и меѓународното право како средство за заштита на македонските интереси.

Она што го издвојува Мисирков од неговите современици не е само неговата политичка визија, туку и способноста да ја антиципира иднината на македонското прашање и судбината на малите народи во меѓународниот систем. Тој е еден од ретките мислители кој јасно покажува дека македонскиот идентитет е автономен и самостојно оформен, без покровителство од голема сила – за разлика од многу други балкански нации, чија државност е постигната со директна или индиректна поддршка од големите сили.

Во овој контекст, неговото дело не е само историски документ, туку и текст со современа политичка и академска релевантност. Неговите идеи, анализи и предвидувања за судбината на Македонија, за улогата на големите сили, за геополитичката рамнотежа и за неопходноста од дипломатска и политичка самостојност, денес се дел од општата рамка на науката за меѓународни односи. Со ова, ние не само што му оддаваме признание на Мисирков како аналитичар на своето време, туку го препознаваме и како еден од пионерите во разбирањето на меѓународните односи пред тие да бидат теоретски формализирани. Неговата работа претставува интелектуална предоснова за концепти што подоцна ќе станат клучни во глобалната наука за меѓународните односи. Со тоа, тој не е само историски хроничар, туку и визионер чиј придонес во геополитичката анализа далеку ги надминува границите на македонската и балканската политичка мисла."

**БИБЛИОГРАФИЈА:**

Мисирков, К. П. (2007). *За македонските работи*. Фондација Рамковски. (Оригинално дело објавено 1903)

Waltz, K. N. (1979). *Theory of international politics*. Addison-Wesley.

Mearsheimer, J. J. (2001). *The tragedy of great power politics*. W. W. Norton & Company.

Carr, E. H. (1939). *The Twenty Years' Crisis, 1919–1939: An Introduction to the Study of International Relations*. Macmillan.

Herz, J. H. (1950). *Idealist Internationalism and the Security Dilemma*. *World Politics, 2*(2), 157–180. https://doi.org/10.2307/2009187

Palmerston, H. J. T. (1848, March 1). *Speech to the House of Commons, March 1, 1848*. Hansard Parliamentary Debates. Retrieved from https://api.parliament.uk/historic-hansard/people/viscount-palmerston/1848 (последен пат пристапено на 28.01.2025).

Snyder, G.H. (1997) Alliance Politics, New York: Cornell University Press.

Хашка конвенција V. (1907). *Конвенција за правата и должностите на неутралните сили и лица во случај на војна на копно*. Хаг, Холандија. Преземено од https://ihl-databases.icrc.org/en/ihl-treaties/hague-conv-v-1907 (Последен пат пристапено на 31.01.2025 год.)

Kant, I. (1999). *Toward perpetual peace*. In M. J. Gregor (Ed. & Trans.), *Practical philosophy* (pp. 311–351). Cambridge University Press. (Original work published 1795)

Morgenthau, H. J. (2005). *Politics among nations: The struggle for power and peace* (7th ed., revised by K. W. Thompson & D. Clinton). McGraw-Hill. (Original work published 1948). Retrieved from http://ereserve.library.utah.edu/Annual/POLS/5800/Pingree/pols5800among.pdf (последен пат пристапено на 15.01.2025).

Doyle, M. W. (1986). Liberalism and world politics. *American Political Science Review, 80*(4), 1151-1169. https://doi.org/10.2307/1960861

Kissinger, H. (1994). *Diplomacy*. Simon & Schuster.

Nye, J. S. (2004). *Soft power: The means to success in world politics*. PublicAffairs.

USC Center on Public Diplomacy. (n.d.). *Public diplomacy: Gullion & the evolution of a phrase*. University of Southern California. Retrieved from https://uscpublicdiplomacy.org/blog/public-diplomacy-gullion-evolution-phrase (последен пат пристапено на 12.01.2025)